**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Игор Жежовски, Советник координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Делчево |
| **Период на известување** | 01.01.2023 – 31.12.2023година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 26.03.2024 година |

**Име и презиме** (**Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

**Горан Трајковски, Градоначалник на Општина Делчево**

**Датум: 26.03.2024 година**

**Потпис:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки
В) Програмски

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**
**Позитивни: Воведување на родовиот концепт, односно родова сензибилизација на дел од локалните програми, односно вклучување на родовиот концепт во дел од локалните програми.**

Охрабрувачки мерки се однесуваат на родова сензибилизација и градење на капацитетите кај граѓаните и на административниот кадар за прашања од доменот на родовата еднаквост, родово-базирано насилство, но и воведување конкретни мерки со конкретна финансиска поддршка од Општината:

1. Доделување парична помош за секое новороденче на територијата на Општина Делчево
2. Доделување парична помош за секое прваче во учебната 2022/23
3. Доделување стипендии за ученици и студенти
4. Вклучување и учество во УО/надзорните одбори, комисиите и работните тела кои се формираат од страна на Градоначалникот и Советот на Општината, на лица од помалку застапениот пол.

Во делот на програмските мерки кои ги има преземено Општина Делчево за 2023 година е интегрирање на родовата перспектива во краткорочното и долгорочното планирање-локалните планови и програми. Во таа смисла:

1. Изработена родова анализа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година;
2. Донесена е Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Делчево и работа на КЕМ за 2023 година;
3. Изработена родова анализа на Програмата за односи со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2023 и 2024;
4. Изработена родова анализа на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот за 2024.

Напред наведените документи можат да се најдат на следниот линк: https://www.delcevo.gov.mk/dokumenti-3

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**
-Со воведување на концептот за родова еднаквост во дел од програмите, Општина Делчево го имплементира родовиот концепт и чекори кон целта-родово одговорна општина, односно родово одговорен буџет. Изработени и усвоени се 3 општински програми кои го имаат имплементирано родовиот концепт, како и Програмата за еднакви можности изработена врз основа на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите 2023/2026.

**Во програмите е направена родова анализа со статистички податоци и индикатори кои се клучни показатели за успешноста на предвидените мерки и основа за идните планирања.**

-Доделувањето парична помош за ученици и студенти, за најдобар ученик Ром и сл ги поттикнува учениците за постигнување подобри резултати во образованието.
Успешноста на мерката доделување парична помош на секое новореденче на територијата на Општина Делчево, се мери со број на поднесени барања, односно број на донесени решенија за доделување парична помош за секое новороденче.
Успешноста на мерката доделување парична помош на секое прваче во двете основни училишта, се мери со број на донесени решенија за доделување парична помош за секое прваче.
Доделувањето на стипендиите за ученици и студенти се врши по објавен Јавен конкурс, при што имаат право да се пријават сите ученици од II до IV година кои учат во СОУ„ М.М.Брицо" Делчево и студенти од Општина Делчево кои студираат на државните универзитети во РСМ. Успешноста на мерката се мери со број на поднесени пријави, односно број на донесени решенија за доделување општинска стипендија.
Со мерката за вклучување на помалку застапениот пол во УО/надзорните одбори, комисиите и работните тела кои се формираат од страна на Градоначалникот и Советот на Општината се воведува принципот за еднакво учество на жените и мажите во процесите на одлучување на локално ниво. Таа се мери со број на именувани жени во комисиите и работните тела.
Учество на жените во јавниот/политичкиот живот и во органите на управување во нашата општина е следната:

| | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Градоначалник/чка | 0 | 1 | 1 |
| Пратеник/чка | 1 | 1 | 2 |
| Членови на Советот | 7 | 8 | 15 |
| Членови на УО | 25 | 17 | 42 |
| Претседатели на УЗ и МЗ | 0 | 26 | 26 |
| Директори/ки на локални институции | 3 | 3 | 6 |
| Директори/ки на државни институции/ПЕ | 3 | 13 | 26 |

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])

Показатели/индикатори:
-Број на донесени решенија за доделување парична помош за новороденчиња;
-Број на донесени решенија за доделување парична помош за првачињата;
-Број на донесени решенија доделување стипендии на ученици и студенти;

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка,* Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

-Број на именувани жени во УО/надзорни одбори, комисиите и работните тела формирани од страна на Градоначалникот и Советот на Општината.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
- решенија за доделување парична помош за новороденчиња;
- решенија доделување стипендии на ученици и студенти;
- решенија за именување членови во УО/надзорни одбори, комисиите и работните тела формирани од страна на Градоначалникот и Советот на Општината.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС:**

**Општина Делчево во текот на 2023 година соработуваше со регионалниот проект на UN Women, со НВО КХАМ, со НВО ЖЕНА, како и беше дел од проектот на „**Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ имплементиран од CRPM.

**Со поддршка на КЕМ и во партнерство со ГО:**
-**Одржани средби со рурални жени** во рамките на проектот „Стој цврсто за родова еднаквост“ во кој беа опфатени жени од с. Тработивиште, Разловци и с. Црник. на кој учествуваа вкупно 57 жени.
-**Одржани јавни трибини** по повод глобалната кампања „16 дена активизам против родово базирано насилство“: „Зошто жените молчат за семејното насилство“ во партнерство со НВО ЖЕНА и КЕМ на Општина Делчево на која учествуваа 42 граѓани од нив 8 се мажи, а 35 жени и трибина на која ученици и инситуции дебатираа за сите форми на насилство во организација на Општина Делчево и МТСП и Програмата РОМАКТЕД 2 на која учествуваа ученици од двете основни училишта и од средното општинско училиште и ресорните институции.
-Одржана трибина за подигање на свеста за превентивни прегледи кај жените на тема „Зошто ни се потребни превентивни прегледи и улогата на менталното здравје“.
- Партиципативно учество во изработката на новата Стартегија на Општина Делчево за соработка со граѓански сектор 2024/2028, каде е имплементирана родовата компонента и предвидени активности кои се однеусваат за поголема вклученост на жените во донесувањето одлуки и поттикнување за нивно поголемо учество во процесите на локално ниво.

**Како преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС, а се во согласност со член 11 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, се кофинасирање на проектот „Општинско корисна работа“, финансиска поддршка на невработени лица вклучени во јавни работи во проект „Изведување јавни работи“, доделување парична помош за секое новороденче, парична помош за првачињата, стипендии за ученици и студенти, парична помош за социјално загрозени семејства и др.**

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

**Воведувањето на родовиот концепт во локалните стратешки документи и локалните планови и програми е процес кој се стремиме да го имплементираме во целост со што ќе се обезбеди/ поттикни поактивна улога на жените во донесување на одлуките за развој на заедницата, да имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите, да имаат еднакви права и можности и сл.**

Резултатот од спроведувањето на претходно наведените конкретни иницијативи се гледа во бројот на ангажирани лица директни корисници и индиректни корисници во Програмата Општинско корисна работа и „Изведување јавни работи“ (нивните семејства и граѓаните кои ги користеле услугите на ангажираните лица), број на лица директни корисници за помошта за новороденчиња, број на општински стипендисти, број на доделена парична помош за граѓаните и нивните семејства и сл.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

-Број на вклучени жени во програмата „Општинско корисна работа“ ;
-Број на вклучени жени во програмата „Изведување на јавни работи“;
-Број на доделени решенија за парична помош на новороденчињата (64);
-Број на доделени решенија за стипендии на ученици и студенти;
-Број на доделени решенија за првачиња (105)
-Број на доделени решенија за парична помош на социјално загрозени лица

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

Договори со ангажираните лица во програмата „Општинско корисна работа„,
*Договори со ангажираните лица во програмата „Изведување на јавни работи„
*Решенија за доделување парична помош за новороденчиња,
*Решенија за доделување парична помош за првачиња,
*Решенија за доделување стипендии,
*Решенија за доделување парична помош.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

ДА
Во текот на 2023 година продолжи соработката со НВО КХАМ од Делчево, НВО ЖЕНА и UN WOMEN, преку низа работилници се работеше на подигање на капацитетите на администрацијата за имплементација на родовиот концепт во програмите.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси
* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)

Да, базата на податоци кои се однесуваат на човечките ресурси вработени во општината, со која располага општината е разделена по пол.

б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)
* приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.

https://www.delcevo.gov.mk/rodovo-razdvoeni-podatoci

**2.12.Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

ДА, може да се најде на следниот линк: https://www.delcevo.gov.mk/dokumenti

**2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има преземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

Во текот на извештајниот период, ЕЛС Делчево реализираше активностите во приоритетните области на делување: 1. Човекови права и родова еднаквост во подобралстите: политика, родово базирано насилство, економија;

2.Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;

3. Едукација и јакнење на капацитетите за родова еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население;

4. Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално нивоа.

5. здравство

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

Воведен е систем за собирање родово разделени податоци во дел од областите/ надлежностите на општината;

Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни.

Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво, подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите.

Поголема соработка на институциите на локално ниво со невладини организации.(Едукација, партнерски проекти, меѓугранична соработка,

Поставување на фотоволтаици на јавните институции;

Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни ЛЕД- светилки.

Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови

Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени.

Едукативни трибини за подигање на свеста за редовни прегледи за рано откривање на канцер на дојка.

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

Индикатори: процентот на опфатеност со мерката, одржани трибини, донесени програми, број на спроведени настани, присутни граѓани.

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

**Акцискиот план за родова еднаквост е донесен во 2022 година, но активностите се однесуваат за период 2023-2025 година. Во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година предвидени се вкупно 100.000 денари за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.**

**2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

ДА

**2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**

**а) слушател/слушателка**

**б) обучувач/обучувачка**

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

- **Интеграција на родови перспективи за квалитетни родови политики (октомври 2023 во Струмица- опрганизатори НВО КХАМ)**

**2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете**

По посетена обука, административниот службеник кој ја посетил обуката има за задача информациите, материјалите и знаењата да ги сподели со колегите.

**2.18.Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

- Предлог за донесување на Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2024 година;

**2.19.Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

По предлог на координаторот за ЕМ се донесена Програма за ЕМ од страна на Советот на Општина Делчево.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Комисиите за еднакви можности (КЕМ) на локално ниво се срeќаваат со предизвици за пронаоѓање на своето место во локалната политика и поставување на локалните приоритети на дневен ред. Голем дел од комисиите на локално ниво, па и КЕМ во нашата општина, се обидуваат да се состануваат редовно и да остварат дел од планираните активности од акциските планови, но финансиска поддршка за остварување на активностите изостанува во најголем процент на општините. Можностите на овие комисии се големи доколку се поддржат во развојот на нивните капацитети преку обуки, размена на информации и начин на креирање база на информации кои би биле лесни за ракување и достапни за сите.

Како предизвик во нашата работа ќе ја вброиме и изработката на родовата анализа на Програмата за социјална заштита за 2023 година, Родовата анализа на Програмата за односи со јавноста и промоција на Општина Делчево, како и Родовата анализа на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот за 2024.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Спроведување на менторската програма за работа на КЕМ е добра практика која беше спроведена во Општина Делчево, со помош на UN Women и CRPM. Целта на менторската програма е да се изградат вештини и да се поддржи локалната администрација и КЕМ во дизајнирањето политики и буџети кои се свесни за родовите, да изградат институционални

механизми за координација на родовата еднаквост на локално ниво и да воспостават капацитети за следење и евалуација на постигнувањето на целите на родова еднаквост.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Програмата за обука и менторство е концептуализирана со цел да се обезбеди долгорочно градење на капацитетите за вклучување на родовите аспекти во главните политики и буџети преку обука, менторирање, континуирана поддршка, упатства и совети за службениците на локалната самоуправа, советниците, креаторите на политики .

Придобивки за менторирано лице во ЛС и советници се:

- знаење, технички и бихевиорални подобрувања во вклучувањето на родовите прашања во креирањето на политиките и организацискиот развој;
- подобро управување со политичките прашања со јасно разбирање на нивните резултати;
- развивање поширока мрежа на влијание и поддршка особено од групите кои ја промовираат родовата еднаквост во локалната заедница, другите граѓански организации и бизнис заедницата;
- Зголемена доверба во областа на родовата рамноправност која помага во ангажирањето и придонесот во политичкиот дијалог кој се гледа низ "родовите леќи" ;.
- Поддршка на менторираните во донесувањето промени во локалните самоуправи

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кошто ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

**Обезбедување на целосна дата- база со родово разделени податоци, како од општината, така и од општинските институции.**

**4.2 ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ во 2023 година**

1 Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и недискриминација

2. Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;

3. Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница

4 Влијанието на климатски промени врз квалитетот на животот на жените и мажите

5. Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство

6. Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените е формирана со Одлука на Советот на Општина Делчево бр.09-2218/1 од 15.11.2021 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол**

Половата структура на членовите на Комисија за еднакви можности на жените и мажите е: 3 (три) жени а 2 (двајца) мажи.

**б) Образование**

Четворица од членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се со високо образование и еден е со средно образование.

**в) Етничка припадност**

Според етничката припадност четворица од членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се од македонска етничка заедница и еден е од ромска етничка припадност.

**г) Припадност на политичка партија**

Според припадноста на политичката партија 2 (двајца ) членови се од СДСМ,1(еден) член од ПДПР и 2 (двајца) членови се од ВМРО ДПМНЕ

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

**<u>б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа</u>**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

- Предлог за донесување на Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2023 година;

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

ДА

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Во 2023 година КЕМ има одржано 5 седници и тоа за подготовка на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2024 година, Предлог-програмата за социјална заштита, Предлог-програмата за односи со јавноста и рпомоција на Општина Делчево.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

6.1. **Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Една од можностите за напредок на Комисиите за еднакви можности помеѓу мажите и жените е да соработуваат меѓу себе на две нивоа: 1) соработка со комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Македонија и 2) КЕМ да соработуваат со комисиите кои имаат слични услови и покажале извесен напредок по одредено прашање ( општина со општина или регионално поврзување).

На почетокот на секој мандат на новите советници, со формирањето на КЕМ би било од големо значење да бидат дадени упатства на членовите на Комисијата во врска со нивните специфични задачи и одговорности. Овие активности би можеле да се спроведат преку организирање стандардни униформни обуки на сите членови на комисиите за еднакви можности помеѓу мажите и жените кои би требало да се спроведат на почетокот на нивниот мандат.

Би требало да се изработат прирачници кои би ги упатувале на законската регулатива во Република Македонија, со донесените национални стратегии акциски планови декларации и останати документи со цел да се нагласи потребата за заложба за родова рамноправност согласно стандардите на домашното законодавство и меѓународните ратификувани конвенции и декларации.

Потребата од креирање база на податоци која би опфаќала контакти на сите координатори на комисиите за еднакви можности, адресар на клучни актери на локално и национално ниво од кои би можеле да се добијат одредени информации поврзани со еднаквите можности. Во оваа база на податоци би биле депонирани и сите акциски планови и нивните иницијативи и реализации. Оваа база на податоци би требала да биде лесна за манипулирање со цел што поголем број на комисии да ја потполнуваат со податоци, но и да црпат информации за имплементација на акциските планови. Би требало сите координатори и советници, како и членови на комисиите за еднакив можности да имаат пристап на базата на податоци.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**